Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Марјан Димовски од Прилеп УП2 09-373/23 од 22 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-530 од 13 ноември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-530 од 13 ноември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Марјан Димовски од Прилеп до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-373/23 од 22 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-530 од 13 ноември 2023 година на КЕЦ Прилеп, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок за пумпа за наводнување.

Жалителот потенцира дека би доставил Изјава за неприговарање на квалитет на напон со цел да му се овозможи приклучок.

Според Електродистрибуција – парцелата е во близина на приватна нисконапонска мрежа и е на 1300 метри од трафостаница.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 16 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-373/23 од 22 декември 2023 година со прилог:

-Приговараното Решение

2. Одговор на Приговор и Дополнителни докази од ЕВН од 9 јануари 2024 година со прилог:

-GIS скица

-Барање за согласност за приклучок

-Имотен лист

-Извештај за пад на напон во мрежата

-Извод од ДУП и од ГУП
-Потврда за потреба од пумпа за наводнување на земјиште

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, парцелата е далеку од напојна трафостаница, а нисконапонската мрежа во близина е во приватна сопственост.

Согласно член 35 став (1) точка 2), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–373/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**